08-2335/1
03-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе :

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2338/1 од 27.08.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2338/1 од 27.08.2025 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2338/1 од 27.08.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител во врска со тоа дека лицето ---------------, директор на ---------------- нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси при извршено именување за вршење на оваа функција. Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ----------------- во законски предвидениот рок по именување на функцијата директор на ------------------, поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 03.10.2022 со бр. 08-8638/1.

Во конкретниот случај, именувањето на лицето -------------------- за вршење на функцијата директор на ------------------------ е извршено на ден 12.09.2022 година и согласно со чл.82 ст 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на именувањето, односно до 12.10.2022 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, по што истата ја поднела во законски предвидениот рок.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: М.С, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: З.Б ,член на ДКСК